# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## за извршување на Буџетот на Општина Битола во првиот квартал од 2021 год.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа член 32 став 2 ("Службен весник на РМ" бр.61/04 , 96/04 и 156/09) се утврдува обврската на Градоначалникот на општината да доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината квартални извештаи со образложение за извршување на буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

Во буџетот на Општина Битола, за првиот квартал биле реализирани приходи во износ од 169.319.422,00 денари, од планираните 1.075.497.992,00 денари од вкупниот буџет на општина Битола, или 15,74% остварени, додека реализираните расходи се во износ од 169.319.422,00 денари од планираните 1.075.497.992,00 денари од вкупниот буџет на Општина Битола или 15,74%.

***Динамика на движење на приходите во првиот квартал:***

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, за првиот квартал, од планираните 33.505.000,00 денари од вкупниот буџет, остварени приходи се во износ од 6.625.817,00 денари или 19,78%.

Ставка 713- Данок на имот за првиот квартал, од планираните во вкупниот буџет 164.500.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 30.743.635,00 денари или 18,69 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги во првиот квартал, од планираните 185.889.000,00 денари остварени приходи се во износ од 44.718.582,00 денари или 24,06%.

Ставка 718- Такси за користење или дозволи за вршење на дејност од планираните 36.419.462,00 денари остварени се 3.662.529,00 денари или 10,06 %.

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси во првиот квартал, од планираните 4.002.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 687.200,00 денари, или 17,17%.

Ставка 723-Такси и надоместоци во првиот квартал ,од планираните 14.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 2.144.142,00 денари, или 15,32%.

Ставка 725- Други неданочни приходи во првиот квартал, од планираните 7.750.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 1.162.030,00 денари или 14,99 %.

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 145.995.378,00 денари остварени се 7.115.588,00 денари или 4,87 %.

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт во првиот квартал, од планираните 483.437.152,00 денари, остварени се приходи во износ од 72.459.899,00 денари или 14,99%.

***Динамика на движење на расходите во првиот квартал***:
***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати реализирани се расходи во првиот квартал во износ од 11.614.411,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 58.104.600,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 4.453.445,00 денари од вкупно планирани во буџетот 22.032.000,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци во првиот квартал реализирани се трошоци од 1.743.569,00 денари од планираните 11.740.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва реализирана е со средства во висина од 970.255,00 денари, од планираните 1.500.000,00 денари.

Ставка 413- Тековни резерви не се реализирани трошоци од планираните 200.000,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 35.874,00 денари од планираните 1.370.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги ,греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во првиот квартал во износ од 17.826.050,00 денари, од планираните 68.836.341,00 денари.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи за првиот квартал во износ од 2.624.392,00 денари, од планираните 11.806.446,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 8.337.413,00 денари од планираните 100.899.495,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во првиот квартал во износ од 2.182.070,00 денари од планираните 26.172.000,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци за првиот квартал во износ од 2.605.865,00 денари, од планираните 20.658.250,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427- Привремени вработувања, реализирани се трошоци за првиот квартал во износ од 1.543.076,00 денари, од планираните 7.000.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања кон домашни кредитори планирани се средства во износ од 200.000,00 денари во првиот квартал реализирани се трошоци во износ 38.323,00 денари.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци за првиот квартал во износ од 6.510.000,00 денари, од планираните 37.300.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 2.114.128,00 денари од планираните 28.206.235,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи бил планиран износ од 3.500.000,00 денари, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 991.674,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 2.983.353,00 денари од планираните 5.350.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480- Купување на опрема и машини, реализирани се расходи за првиот квартал во износ од 17.750,00 денари од планираните 19.580.300,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи за првиот квартал во износ од 94.504.428,00 денари од планираните 610.672.325,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел, не се реализирани расходи за првиот квартал од планираните 230.000,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинансиски средства реализирани се расходи во првиот квартал во износ од 1.082.490,00 денари од планираните 6.150.000,00 денари.

Ставка 486- Купување на возила нема реализирани расходи за првиот квартал од планираните 17.990.000,00 денари.

Ставка 491-Отплата на главница, реализирани расходи за првиот квартал се во износ од 7.140.856,00 денари од планираните 16.000.000,00 денари.

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е 15,74%.Програмата А0-Совет на општината е извршен 28,65%, програмата Г1- Локален економски развој е извршена со 16,69%, програмата ГД-Проекти за енергетска ефикасност е извршена со 1,73%, програмата Д0- Градоначалник е извршена со 20,82%, Д1- Месна самоуправа 10,32%, програмата Е0- Општинска администрација

исполнета со 20,14 %,програмата ЕА-Капитални трошоци на општината е реализирана со 0,07%, програмата Ј3- Јавно осветление е извршена со 15,40 %, Ј4- Јавна чистота со 19,95% Ј6 -Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот е исполнета со 4,10%, Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило со 8,81%, ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување реализира е со 27,47% ЈД-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици со 26,03%, ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализација со 8,23%,ЈЛ-Други комунални услуги (капитални расходи) е реализирана со 11,19%,К3-Музејска и кинотечна дејност со 42,23%,К4-Културни манифестации и творештво е реализирана со 0,64%, ЛО-Спорт и рекреација со 21,67%, ЛА-Спорт и рекреација (капитални расходи) со 33,43%, Н1- Основно образование со 26,60%, ЊО- Противпожарна заштита со 7,49%, Р1-Заштита на животна средина и природа со 0,06%, Ф1- Урбанистичко планирање со 0,97%.

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 210.285.049,00 денари, од планираните 980.727.247,00 денари, или 21,44 %.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација за првиот квартал се во износ од 185.729.993,00 денари од планираните 980.727.247,00 денари или 18,94% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 129.824.706,00 денари, од планираните 556.206.481,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 50.722.138,00 денари, од планираните 215.927.854,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 3.505.443,00 денари од планираните 39.481.857,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423-Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 251.193,00 денари, од планираните 3.152.562,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 64.386,00 денари, од планираните 28.113.325,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 206.173,00 денари, од планираните 13.942.404,00 денари.

Ставка 426-Други оперативни расходи од планираните 909.350,00 денари, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 57.646,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери е планирана со износ од 5.790.000,00 денари, реализирана е со износ од 2.080,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини е планирана со износ од 9.878.262,00 денари, не е реализирана во првиот квартал.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 105.225.152,00 денари, реализирани се средства во првиот квартал во износ од 1.053.728,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел бил планиран износ од 2.100.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 42.500,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1- Детски градинки е 12,92%, В2- Дом за стари лица 12,28 %, К3- Музејска и кинотечна дејност е 21,17% Н1- Основно образование со 23,44%, Н2-Средно образование со 16,08 %, и програмата Ѓ0- Противпожарна заштита со 24,15 %.

Вкупно реализирани приходи за **Сметката Самофинансирачки активности** за првиот квартал се во износ од 9.579.157,00 денари од планираните 118.150.392,00 денари, или 8,11%.

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **Самофинансирачки активности** во првиот квартал се реализирани 7.770.904,00 денари од планираните 118.150.392,00 денари или 6,58 % и тоа:

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во износ од 1.939.936,00 денари, не се реализирани средства во првиот квартал.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 699.356,00 денари не се реализирани средства во првиот квартал.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.458.000,00 денари, реализирани се во првиот квартал 4.340,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 15.075.000,00 денари, реализирани се 2.375.778,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 38.807.400,00 денари реализирани се 2.887.642,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 17.662.200,00 денари, реализирани се 1.102.308,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.360.100,00 денари реализирани се во износ од 969.366,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.228.400,00 денари, реализирани се 316.440,00 денари.

Ставка 427-Привремени вработувања планирана е со износ од 520.000,00 денари, нема реализација за првиот квартал.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 1.169.000,00 денари,реализирани се средства во износ од 37.130,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 10.628.000,00 денари, реализирани се 15.120,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 100.000,00 денари,не се реализирани трошоци во првиот квартал.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.760.000,00 денари, реализирани се трошоци во првиот квартал во износ од 56.000,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 5.715.000,00 денари, реализирани средства во износ од 5.000,00 денари во првиот квартал.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 1.028.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 1.780,00 денари во првиот квартал.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 6,08 %, В2- Дом за стари лица со 11,33%, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 2,66 %,Н1- Основно образование со 2,14%, и Н2- Средно образование со 3,81%.

Вкупните тековно оперативни приходи од **Донации** од планираните 146.574.804,00 денари, приходовани во првиот квартал се средства од 41.575.248,00 денари или 28,36% , додека за планираните расходи од 146.574.804,00 денари е реализиран износ од 16.806.990,00 денари или 11,47%. Со средства од Донации се реализираат следните проекти: донации од локалните јавни установи ЈОУДГ Естреја.О.Мара, ОУ Ѓорѓи Сугарев, СОУ Таки Даскало, ОУ Климент Охридски, СОУ Гимназија Јосип.Б.Тито и други локални јавни установи и проектите на општина Битола како Бенефит,Креирање на можности за работа за сите, ОКР -СДЦ, Грант на успешност,Европа на врата,Смарт кул-тур, и др.

Изработил
Б.Т. Сектор за Финансиски прашања